# IX. Други активности на Народна банка на Република Македонија

## 9.1. Кадровска политика

Успешното извршување на законските обврски и задачи од страна на НБРМ е заслуга пред се на стручниот кадар што работи во неа. Во тој контекст, во 1999 година НБРМ продолжи систематски и интензивно да работи на понатамошно стручно усовршување на својот кадровски потенцијал.

Во текот на 1999 година, вработените во НБРМ учествуваа на голем број семинари и курсеви во организација на следните Институти и Централни банки: семинари на Институтот на ММФ, кои се одржуваат во Вашингтон, САД; семинари на Здружениот Виенски Институт, кои ги организира ММФ, Светската банка; ЕБОР; МБОР; ОЕЦД и СТО, а се одржуваат во Виена, Австрија; семинари на Централната банка на Швајцарија, во организација на Студискиот центар во Герцензе, во Швајцарија; семинари на Централната банка на Холандија, кои се одржуваат во Амстердам; семинари на Централната банка на Германија, кои се одржуваат во Франкфурт; семинари на Централната банка на Франција, во организација на Меѓународниот институт за банкарство и финансии, кои се одржуваат во Париз; семинари на Централната банка на Англија, во организација на Центарот за централно-банкарски студии, што се одржуваат во Лондон и др.

Покрај стручното усовршување на постојниот кадар, НБРМ изврши и негово доекипирање. Така, во 1999 година во НБРМ се вработија 24 лица. Од тоа, 19 лица се со висока стручна спрема (14 економисти и 5 електротехнички инженери), во најголем дел распоредени за извршување на работни задачи од обласата на банкарската супервизија.

## 9.2. Внатрешна контрола

Активностите на внатрешната контрола се насочени кон перманентно следење на законитоста и ефективноста на системот на внатрешни контроли во работењето на НБРМ. Притоа, интенцијата на внатрешната контрола е да делува превентивно и да дава препораки за заштита од активности во рамките на Централната банка кои можат да предизвикаат неповолни импликации врз нејзиното работење. Следствено, внатрешната контрола настојува да нема примарна контролна функција во секојдневното контролирање на трансакциите и операциите. Оваа функција е дадена во надлежност на директорите на поодделните дирекции.

Во поглед на внатрешната контрола, во 1999 година беа започнати определени активности насочени кон доизградување на целите и пристапот за работа. Така, дефинирани се улогата и одговорностите на Дирекцијата за внатрешна контрола, утврдени се процедурите за работа и утврдена е нацрт-верзијата на документите кои ќе се користат во работењето на Дирекцијата. Притоа, користени се знаењето и искуствата стекнати од посетата на семинари и работните посети на неколку централни банки (Англија, Франција, Словенија и Бугарија).

Особено внимание е посветено на современиот пристап на контролата преку дефинирање на ризиците карактеристични за работењето на НБРМ, односно започнување на активностите околу дефинирањето на т.н. Мапа на ризици, а потоа и запознавање со соодветните контролни системи, кои имаат за цел да ги намалат овие ризици. Во 1999 година беа извршени и контроли во повеќе сегменти од работењето на подделни дирекции на НБРМ.